РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09 - 106/3
07.02.2023 год.
КОНЧЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
РИСТОВИ ИР ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03 - 01
07.02.2023 год.
с.Владиевци Василево

# ДОГОВОР

## за Набавка и транспорт на садници за хортикултурно уредување на јавни површини во општина Конче по оглас број 00487/2023

Склучен помеѓу:

**1.Општина Конче,** Конче со ЕМБС: 6022995, застапувана од Градоначалникот Златко Ристов (во натамошниот текст: **Нарачател на стоките**) и

**2. Друштво за производство, трговија и услуги РИСТОВИ ИР ДООЕЛ увоз – извоз с.Владиевци, Василево,** ЕМБС 6789331, застапувано од управител Ил Ристов (во натамошниот текст: **Носител на набавката**).

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на овој договор е сукцесивна набавка и транспорт на садници за хортикултурно уредување на јавни површини во општина Конче, согласно техничката спецификација и доставена корегирана понуда од страна на Носителот на набавката.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

По електронска аукција е добиен збир на единечни цени од 19.702,50 денари.

Вкупната вредност на договорот без ДДВ изнесува 338.990,00 денари. ДДВ-то изнесува 61.238,19 денари, а вкупната вредност на договорот со ДДВ нема да го надмине износот од **400.008,2** денари.

**Времетраење на договорот**

**Член 3**

Договорот се склучува за период од 1 (една) година или до искористување на средствата предвидени во самиот договор.

**Динамика и начин на испорака на стоката**

**Член 4**

Носителот на набавката е должен испораката да ја врши сукцесивно по доставената порачка од моментот на склучување на договорот во седиштето на Нарачателот – Општина Конче.

Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го врши сукцесивно во рок од 3 (три) денови од денот на нарачката на услугата од страна на договорниот орган.

Испораката на стоката се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од страна на овластеното лице кај доворниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката

**Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот**
**Член 5**

Во случај на доцнење на испораката на горенаведените стоки за потребите на општина Конче од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и на договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 5% од висината на вредноста на стоката.

Во случај на неиспорака Договорниот орган има право по претходно доставено писмено известување до Носителот на набавката во дополнително оставен рок од 2 дена да го раскине договорот со проста изјава и да склучи договор за испорака со второрангираниот понудувач. Во случај на став 3 од овој член Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

**Начин, услови и рокови на плаќање**
**Член 6**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши **во рок од 60 дена** од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, на сметка и банка за кој ќе биде писмено известен од Носителот на набавката.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

**Разлики во цена**
**Член 7**

Не се предвидени корекции на цената за времетраењето на договорот за набавка и транспорт на садници за хортикултурно уредување на јавни површини во општина Конче.

**Квантитативна и квалитативна контрола**
**Член 8**

Квантитативен и квалитативен прием на стоката од член 2 на овој договор врши Договорниот орган со испратница потпишана од двете страни. Во текот на примопредавањето се утврдува и квалитетот и квантитетот на испорачаната стока.

**Член 9**

Договорниот орган може да изврши дополнителна контрола и гаранција на квалитетот со спроведување на дополнителни независни испитувања и контроли за квалитет кај овластена институција.

**Обврски на носителот на набавката**
**Член 10**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката на Договорниот орган во времето и на местото определено со овој договор.
Носителот на набавката е должен да ја испорачува стоката во рок од 3 дена по приемот на писмено барање од Нарачувачот, во период од 1 (една) година.

**Обврски на договорниот орган**
**Член 11**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на Носителот на набавката, по испорака, во рок од 60 дена од денот на приемот на фактурата.
Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да се овозможи предавањето на стоката.

**Виша сила**
**Член 12**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
По отстранување на виша договорните страни можат да го реализират договорот или да го раскинат спогодбено.

**Одговорност за недостатоците**
**Член 13**

Носителот на набавката одговора за материјалните недостатоци на стоката што таа ги имала во моментот на преминувањето на ризикот врз Договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.
Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа.
Незначителниот материјален недостаток не се зема во предвид.

**Услови за раскинување на договорот**
**Член 14**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.
Кога едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна ќе и остави дополнителен рок од 2 дена за исполнување на обврската. Ако договорната страна нема да ја исполни својата обврска и во дополнително определениот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 15**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на носителот на набавката дополнителен рок, ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обгврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

**Решавање на спорови**

**Член 16**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат евентуалните спорови ќе ги решава надлежниот суд во Струмица.

**Завршни одредби**

**Член 17**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено. Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма. Одредбите од овој договор може да се изменат или дополнат со склучување на Договор за изменување или дополнување на основниот договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки само ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 18**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна без взаемна писмена согласност.

**Член 19**

Овој договор е составен во 4 (четири) истоветни примероци од кои два за економскиот оператор, а другите два за договорниот орган. Договорот стапува на сила од моментот на склучувањето.

Договорени страни

Нарачател
Општина Конче

Градоначалник
Златко Ристов

Носител на набавката
ДПТУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ
с.Владевци
Управител
Ильчо Ристов

# КОРЕГИРАНА ПОНУДА ПО Е-АУКЦИЈА

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот за доделување договор за јавна набавка **бр.00487/2023** објавен од страна **на Општина Конче** за доделување на договор за сукцесивна **Набавка и транспорт на садници за хортикултурно уредување** со спроведување на постапка од мала вредност, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: **ДПТУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ увоз извоз с.Владиевци, Василево**

I.2. Контакт информации

- Адреса: с.Владиевци бр. 93 А, Василево
- Телефон: 070/214-426
- Е-пошта: ristoviir@yahoo.com
- Лице за контакт: Ильчо Ристов

I.3. Одговорно лице: Ильчо Ристов
I.4. Даночен број: 4039012500660
I.5. Матичен број: 6789331

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:
**Набавка и транспорт на садници за хортикултурно уредување на јавни површини во Општина Конче**

---

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III. 1. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во детална финансиска понуда составен дел на оваа понуда.

Сукцесивна набавка и транспорт на садници

| | / Вид на работа | Е.м | Кол. | Цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Fraxinus excelsior<br>- Обем на дебло (стебло) : 18 – 20 cm<br>- Висина : min 300 / 350.cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 2.066,64 | 371,99 | 2.438,63 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Acer pseudoplatanus, контејнер<br><br>- Обем на дебло (стебло) : 18 – 20 cm<br>- Висина : min 300 / 350 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 3. | Tilia platyphyllos, контејнер<br><br>- Обем на дебло (стебло) : 18 – 20 cm<br>- Висина: min 300 / 350 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 2.066,64 | 371,99 | 2.438,63 |
| 4. | Thuja smaragd, контејнер<br><br>- Висина min 140 / 160 cm<br>- Clt. 40 литри | Бр. | 1 | 2.066,64 | 371,99 | 2.438,63 |
| 5. | Betula Pendula verucosa, контејнер<br><br>- Обем на дебло (стебло) / Vëllimi i trungut: 8 – 10 cm<br>- Висина 175 – 200 cm<br>- Clt. 45 литри | Бр. | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 6. | Catalpa Big Nana 45l, контејнер<br><br>Висина : min 200 / 250 cm<br>Обем на дебло : 10 – 12 cm<br>Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 2.066,64 | 371,99 | 2.438,63 |
| 7. | Thuja occidentalis columna, контејнер<br><br>Висина 180 – 200 cm<br>Clt. 30 литри | Бр. | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 8. | Chamaecyparis laws. Ellwodi, контејнер<br><br>- Висина : min 80 / 100 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 9. | Magnolia Grandiflora, контејнер<br><br>- Висина min 250 / 300 cm<br>- Обем на дебло (стебло): 18 – 20 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 10. | Platanus Acerifolia, контејнер<br><br>- Висина min 250 / 300 cm<br>- Обем на дебло (стебло): 12 – 14 cm<br>- Clt. 80 / литри | Бр. | 1 | 1.722,2 | 309,99 | 2.032,19 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| . | Acer Pseudoplatanus, контејнер<br><br>- Висина min 250 / 300 cm<br>- Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 1.722,2 | 309,99 | 2.032,19 |
| 12. | Malus floribunda , контејнер<br><br>-Висина min 250/300 cm<br><br>- Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm<br><br>- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 13. | Robinia pseudoacacia ,,umbraculifera,, контејнер<br><br>-Висина min250/300 cm<br><br>-Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm<br><br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 14. | Morus alba ,,Pendula, контејнер<br><br>-Висина min 250/300 cm<br><br>-Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm Clt. 80 литри | Бр | 1 | 2.066,64 | 371,99 | 2.438,63 |
| 15. | Cupressocyparis Leylandii Castel Gold, контејнер<br><br>-Висина min 200-240 cm<br><br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 16. | Carpinus betulus fastigata, контејнер<br><br>-Висина min 450-500 cm/ конус<br><br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 17. | Fagus sylvatica columnaris, контејнер<br><br>-Висина min 450-500 box<br><br>70x70x70<br><br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Acer platanoides Columnare Dila, контејнер<br>Висина min 450-500 cm/ конус<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 19. | Tillia plahyphyllos (pleached tree), контејнер<br>- Висина min 200cm- 200wx130 h<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 20. | Juniperus horizontalis, контејнер<br>- Висина min 40cm- 60 cm<br>-- Clt. 10 литри | Бр | 1 | 688,88 | 123,99 | 812,87 |
| 21. | Prunus cerasifera, контејнер<br>- Висина min 250cm- 300 cm<br>- Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 1.722.2 | 309,99 | 2.032,19 |
| 22. | Tilia tomentosa, контејнер<br>- Обем на дебло (стебло) / Vëllimi i trungut: 18 – 20 cm<br>- Висина : min 300 / 350 cm- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 23. | Catalpa trubacovita, контејнер<br>- Обем на дебло (стебло) : 18 – 20 cm<br>- Висина : min 300 / 350 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 103,33 | 18,59 | 121,92 |
| 24. | Thuja woodwardii<br>-обем на крошна 100 cm<br>-Висина: min 80 cm<br>-Clt.80 литри | Бр. | 1 | 2.066,64 | 371,99 | 2.438,63 |
| | **ВКУПНО** | | | **19.702,50** | **3.546,45** | **23.248,95** |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, есува: **19.702,50 денари** *[со бројки]* (**Деветнаесет илјади седумстотини и два денари**)*[со укви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува: **3.546,45 денари.**

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
05.02.2023

__________________________

Одговорно лице
 Илчо Ристов

__________________________

(потпис)*

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него*